**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Даниел Дончев, Теута Арифи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Хади Незири, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија и Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника.

Сите 72 пратеника гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на декларација за барање на поддршка за прием на Република Македонија во НАТО.**

Предлагач пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Предлогот на декларацијата Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Предлагачот на декларацијата пратеникот Ѓорѓи Оровчанец, поднесе амандмани на основот на Предлогот на декларацијата, став 1, точка 1 и на точка 8 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на декларацијата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, кој бара збор?

Ве молам, се беше договорено на координација, но ако инсистирате повелете три минути.

**Шабан Салиу:** Почитувани пратеници,

Со оглед дека на неколку пати не ми е дозволено процедурално, тоа последен пат вчера се случи, би сакал да искажам одредно мислење во врска со работата на Собранието, особено за тие два немили настана се случија кога претседаваше со седницата господинот Бесим Догани.

Пред да објаснам за што се работи би сакал да го прочитам член 58 став 1 точка 1.

“Претседателот на Собранието со потпретседателите се грижи за остварување на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивна работа”.

Од истиот Деловник, во членот 87 се зборува: “Говорникот може да говори само по прашања што се на дневен ред. Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Собранието ќе го повика да се придржува до прашањето што е на дневен ред”, и понатаму.

Вчера, а особено при доверба на Владата од страна на еден колега наш пратеник, иако не бев на дневен ред јас поставен на оваа седница бев грубо нападнат на 7 јуни за доверба на Владата, иако немаше право господинот Бесим Догани му го дозволи тоа право, каде што конкретниот пратеник кажа.

Почитуван колега Вејсели,

Сакам да ја искористам можноста, токму на вашиот говор да се слушне и мојот глас како мотивирачка ситуација. Жалам што ќе употребам една дигресија за овој момент, што не успеав да ја реплицирам пред малку, токму оваа Влада го има и така натаму, се однесува за мене.

Мислам дека тој пратеник што не постапуваше по дневниот ред, требаше да се прекине.

Вчера, од страна на пратеникот Неждет Мустафа, иако јас не бев кандидат за министер за локална самоуправа, целиот говор беше упатен против мене. Јас не знам од кои причини претседавачот, кој по Деловникот го има тоа права, а и му е обврска, не го прекина.

Јас молам во иднина, и покрај тоа што барав процедурално, да укажам на оваа состојба, ми беше ускратено, односно одземено тоа право, да се произнесам токму за оваа состојба.

Јас ве молам во иднина претседателот и потпретседателите да внимаваат, кога некому се повредуваат фамилијарните односи, или се навлегува во интимата, надвор од точката на дневен ред, да се прекине. Дури има овде процедурални постапувања, пратеникот ако не зборува по точката од дневниот ред, да се отстрани од седницата.

Ве молам ова да го имате во иднина предвид.

**Љубиша Георгиевски:** Сега ве молам да се вратиме на онаа планирана интонација на оваа седница како што беше договорено, затоа што интонацијата на седницата говори многу, скоро исто толку, колку што говори и самата декларација.

Повелете господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, новинари и граѓани на Република Македонија,

Токму сега кога наближува денот на одлуката војнички и натовски кажано, денот Д, за прием на Македонија во НАТО, декларацијата што ви ја нудам е вистински чекор што ние како членови на Македонскиот парламент и претставници на граѓаните на Република Македонија мораме да го преземеме, ако сакаме до крај да бидеме доблесни и да го исполниме нашиот мандат.

Сега е моментот да го искажеме на дело нашето единство, околу стратешките цели. Да им потврдиме на сите земји членки на Северноатланскиот договор дека сите до еден стоиме зад македонското членство.

Да покажеме дека сме кадарни да ја преземеме таа одговорност, да докажеме дека сме државници, безрезервно определени за демократски развој на земјата. Да искажеме уште еднаш нашата решеност за активно да ги градиме добрососедските односи во регионот, да ја потврдиме нашата увереност дека балканските народи можат и ќе живеат во мир и просперитет.

Но, над се, драги колеги, да го вратиме на Македонија Парламентот, Собранието повторно да биде место за разговор а не просцениум за монолози. Да биде собиралиште на државници, а не панаѓур на суети. Да покажеме дека можеме и знаеме да бидеме истомисленици, дека можеме да бидеме единствени. Дека имаме доблест, храброст да излеземе од партиските ровови и заборавиме на ситно партиските интереси, обврски и задолженија.

Говорот на негација, омраза и нетрпеливост да го заборавиме. Да обезбедиме услови Собранието, во наредниов период да работи без пребројување, без координации, без надгласување и без режирани паузи.

Оваа сала, вие, комисиите и телата на највисокиот дом на македонскиот суверенитет да бидат местото за дијалог. Собранието да биде платформата на која ќе се постигнуваат државнички договори без оглед на разликите, без оглед на бројките, па ако сакате и без оглед на сите оние кои не можат да го сфатат ова.

Ако го вратиме дијалогот, повторно ќе бидеме народни пратеници, а не делегати на партиските врхушки.

Имаме вонредна можност да му го вратиме на Парламентот говорот. Од тој говор да расте договор, а не како до сега изговор за узурпација на демократијата.

Почитувани колешки и колеги,

Ние, на некој начин веќе сме на дело членка на НАТО. Заедно со САД и останатите бројни сојузници даваме свој конкретен придонес во напорите на меѓународната заедници и на ОН за да се воспостави праведен мир и да се создадат услови за демократски и сеопш успех во мисиите на НАТО и ОН. И, на овој начин ја демонстрираме нашата цврста волја да соработуваме тесно со земјите членки на НАТО, на чело со САД, градејќи блиски продуктивни и сојузнички односи. Остана само уште дома да се осојузиме едни со други, пред повисоката, непартиската и не тесноградa цел.

Ако до сега можеше да се трпи и бара оправдување, па понекогаш и злоупотребува начинот за постигнатите резултати до сега и патот кој и од кого бил изоден и што кој направил, сега сме исправени и во позиција кога кон целта води веќе еден пат, единствен можен начин за негово изодување.

Во НАТО не влегува ниту Владата, ниту претседателот, ниту една партија посебно. Во НАТО влезот е за Република Македонија.

Но, да не заборавиме дека заради нашиот заеднички интерес, кој е НАТО и дека сето ова е процес, стремеж, изоден пат, стратешка определба, обврска, НАТО е работа, НАТО е сигурност, гаранција, стандарди, НАТО е потреба и над се демократија.

Но, истовремено, да бидеме реални и да ја сфатиме пораката дека приемот во НАТО е и почеток на преговорите со Европската унија.

На сите нас ни е позната консензуалната решеност на граѓаните на Република Македонија, што поскоро да станеме полноправна членка на Евроатланската асоцијација.

Статусот на кандидат за членство во НАТО и Европската унија што го ужива нашата земја објективно претставува силен доказ за демократската ориентација на нашите граѓани за нивната суштествена цивилизациска припадност кон народите на НАТО и Европа. Таа, почитувани, не обврзува и нас на единство.

Но да не заборавиме дека НАТО не смее и не може да се претвори во маркетиншка кампања за подигање на лични или партиски рејтинзи, допишување меѓу институции и поединци, разговори во Клуб на пратеници. НАТО не е партиска придобивка, ниту исклучителна заслуга на било која влада, ниту политичка опција. Поканата за членство не трпи лична идентификација и знак на еднаквост со било кој субјект во Република Македонија освен со државата. НАТО не е партизација, ниту партиска кадровска политика. НАТО не може да биде пронаоѓање и оправдување на туѓи грешки и досега направени пропусти.

Единството ќе покаже дека кандидатскиот статус не сме го добиле формално, туку знаеме да ги исполниме високите критериуми на НАТО и Европската унија, што инаку подразбира континуитет на сеопштите и длабоки

трансформации во животот и во функционирањето на нашата земја.

Се досега, на овој досегашен, за мене, неразбирлив, и сосема неприфатлив застој, Република Македонија покажа дека знаеше да се однесува одговорно кон своите внатрешни проблеми и прашања, посебно во меѓуетничката сфера, но не помалку и кон своите меѓународни обврски, како конструктивен субјект на меѓународната заедница, вклучувајќи ја тука и меѓународната безбедност и мирот.

Оваа декларација е израз на нашата цврста заложба и повторно воспоставеното државничко единство, упатена до Конгресот на САД и до парламентите на сите земји членки на НАТО, ќе испратиме јасна порака дека застојот е надминат и Македонија повторно е одговорен чинител во меѓународните односи.

Почитувани пријатели,

На крајот, оваа наша заедничка декларација треба, поаѓајќи од важноста на меѓусебните сојузнички односи помеѓу Република Македонија и земјите членки на НАТО и, земајќи ја предвид деликатноста на балканските состојби, но пред се со востпоставениот дијалог и со него постигнатиот консензус да ги убеди нашите колеги, да ги искористат сите средства што им се на располагање и да го поддржат приемот на на Република Македонија во НАТО. При што, сакаме да ги увериме дека Република Македонија е целосно позитивно определена кон сите балкански земји, без исклучок, во клима на добрососедство и без било какви претензии од било која страна, заеднички ќе биде на висина на историската потреба на народите да живеат во мир и просперитет.

Сакаме да укажеме дека ширењето на НАТО на просторот на Западниот балкан, вклучувајќи го тука и неопходниот прием на Албанија и Хрватска, ќе создаде стабилни регионални геополитички услови за ефикасно и мирно решавање на статусто на Косово и за траен мир на Балканот. Ние, а верувам и сите балкански народи, сме сосема свесни за потреба да живееме во мир, разбирање, толеранција и соработка.

Почитувани пратеници, избраници на граѓаните на Република Македонија,

Настојувањето на Република Македонија за полноправно членство во НАТО алијансата се и минато и реална сегашност, но и неопходна иднина за Република Македонија и сите нејзини граѓани. Заради оваа иднина и во недостиг на многу до сега искажани нереализирани ветувања и очекувани резултати, потребни ни се на сите граѓани на Република Македонија, во изминативе 16 години да покажеме сега и овде, ние како народни избраници политичка желба, единство, разбирање, култура, дијалог, политичка зрелост, да покажеме дека имаме визија и одговорност, бидејќи во заложба е Република Македонија.

На овој важен пат потребна ни е соработка и поддршка на американскиот народ и на сите народи на членките на НАТО. Затоа и се обраќаме до нивните избраници. Убедени сме дека тие, приемот на Република Македонија во НАТО ќе го доживеат како израз на нашата колективна волја и потреба да живееме рамноправно, во мир, концентрирајќи ги притоа, сите инститиционални ресурси во разрешување на проблемите на граѓаните и за создавање услови на подобар живот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господинот Лазар Китановски, повелете.

**Лазар Китановски:** Би сакал да дадам поддршка, се разбира, во име на СДС на оваа декларација што е навистина дојдена во прав момент, со неколку напомени, потсетувања што сметам дека се битни.

Му честитам на господинот Оровчанец кој излезе со ваква декларација, особено со образложение што во голем дел опфати навистина клучни прашања. Само ќе потсетам дека НАТО колку е воен сојуз, тој е и политички сојуз.

НАТО е признание дека една земја созреала како демократија. Бидејќи земји кои не ги почитуваат демократските права, правата на човекот, не можат да станат членки на НАТО. Според тоа, од оваа декларација, но не само од декларацијата, туку од она што не очекува, се надемаве дека тоа ќе биде позитивен сигнал, произлегува дека и ние внатре ќе мораме многу работи да промениме во начинот на практукување на демократијата, да се откажеме од оние балкански рецидиви на демократијата, да се откажеме од некои ситничавости, или недугавости во политичкиот дијалог и да се ориентираме на стратешките прашања, а едно од најважните е приемот во НАТО.

Приемот на овие земји што евентуално се очекува да станат членки на НАТО во Букурешт е сигнал во регионот дека регионот конечно се стабилизира на безбедносен план, а тоа е сигнал дека се отвораат и вратите за прием во Европската унија.

Мислам дека во овој период е многу битно не само Парламентот, туку пред се Владата да направи прецизен тајминг и приоритетни политички прашања, да дефинира приоритетни политички прашања, затоа што оваа шанса не смееме да ја пропуштиме. Не се станува членка на НАТО по автоматизам. И порано имаше такви ситуации, па некои земји се надеваа дека сигурно ќе станат членки на НАТО, но не станаа, затоа што не ги имаа средено односите во сопствените земји на демократски начин.

Со други зборови, сметам дека овој период мораме да го искористиме на многу продуктивен начин, а тоа значи дека треба да ги решиме сите прашања што досега се сметало дека не се битни или пак сме ги злоупотребувале во партиски цели, во маркетиншки цели, а не во интерес на ова што е многу битно за Република Македонија, а тоа е што побрзо да стане членка на НАТО и се разбира, потоа, тоа е еден реален процес, на отворање на нашиот пат кон Европската унија.

Значи, НАТО, пред се е демократија, човекови права, консензус по одредени прашања, демократки дијалог, една нова култура на дијалог, градење на компромиси односно живеење во политичкиот живот со компромисот како елементарен услов за опстанок на демократијата. Нема демократија без компромис, без разбирање на барањата кон другиот.

Геостратешката порака за евентуалниот прием на овие земји што се очекува да бидат примени е огромна за овој регион. Значи, останува сами да завршиме уште многу работи во Република Македонија, па се надевам дека не само во Парламентот, туку во Република Македонија произлегуваат многу обврски и за многу други институции, не само за Собранието и Владата, туку за целокупниот политички систем.

Тоа би биле моите сугестии за нас самите, до јавноста, до Собранието, до Владата, до политичките институции во Република Македонија. Можеби сега со уште поголема сериозност да работат на тоа да не направиме грешка во чекори, или со други зборови да не им отежниме на оние земји, особено на нашиот стратешки партнер, да не го отежниме патот на аргументацијата што на полесен начин ќе ни овозможи членство во НАТО.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници,

Пред нас на 52-та седница на Собтанието ја имаме декларацијата за барање на поддршка за прием на Република Македонија во Северноатланската алијанса, предложена од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Почитувани, зачленувањето на Република Македонија во НАТО претставува јасна и недвосмислена цел што своја суштинска форм доби уште во 1995 година кога нашата држава стана рамноправна членка на Програмата за НАТО - Партнерство за мир. А, нејзината оправданост најцврсто беше потврдена на 3 ноември 2004 година кога САД ја признаа Република Македонија под нејзиното уставно име.

Во таа насока, оваа декларација ја толкуваме како континуитет на константните заложби на пратениците од Македонскиот парламент во сите досегашни состави за интеграција на нашата држава во НАТО кои започнаа со Одлуката на Собранието за стапување на Република Македонија во членство на НАТО од 1993 година, а продолжија со Декларацијата за подигнување на односите и соработката помеѓу Република Македонија и Северноатланската алијанса од 2004 година.

Оттаму, поддржувајќи ја заложбата и работејќи во функција на споменатата цел, во името на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ сметаме дека со оваа декларација ќе се постигнат повеќе политички цели. Конкретно, сметаме дека по посетата на американскиот претседател Џорџ Буш на Тирана каде беа остварени средби со премиерите на Јадранската група односно Албанија, Хрватска и Македонија, овој потег е трајно пожелен, затоа што:

1. Ќе се реафирмира цврстиот став за потребата од интегрирање на Република Македонија во НАТО, преку станување полноправна членка.

2. Имајќи ги предвид дискусиите на пратениците по оваа декларација, како и понекои други точки за кои се расправаше во Собранието изминатиот период, преку демонстрираната консензуалност, сметаме дека ќе се испрати силен сигнал до администрацијата на САД, како и до владите на останатите држави земји членки на НАТО за посветеноста односно решителноста на Владата, на политичките партии и на граѓаните во насока на конечна реализација на процесот на интеграција на нашата држава во Северноатланската алијанса.

Конечно, усвојувањето на оваа декларација ќе значи и дополнителна обврска за институциите на системот во кои спаѓа и Собранието, да ги довршат преостанатите обврски за да може Република Македонија да биде поканета за членство во НАТО на Самитот на Алијансата што треба да се одржи во Букурешт, во пролетта 2008 година.

Оттаму, имајќи го предвид кажаното, пратениците од редовите на ВМРО ДПМНЕ ќе гласаат во прилог на оваа декларација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Горан Мисоски, повелете.

**Горан Мисоски:** Почитувна претседател, почитуван господине предлагач, почитувани пратеници,

Дозволете ми, најпрвин како координатор на пратеничката група на НСДП, во името на пратеничката група и во свое лично име да му се заблагодарам на предлагачот, пратеникот Ѓорѓи Оровчанец за иницијатива и подготвувањето на овој важен документ. Исто така, дозволете да се заблагодарам и на стручните служби од Собранието кои беа вклучени во техничката и стручна подготовка на оваа декларација.

Почитувани пратеници,

Пратеничката група на НСДП на денешната седница гледа како на свечена седница, со што се означува почетокот на финалната фаза на процесот на интегрирање на Република Македонија во Северноатланската алијанса.

Полноправното членство на Република Македонија во НАТО е компатибилен и неделив процес со интегративниот принцип на НАТО Алијансата, аргументиран преку формирањето на Партнерствотро за мир, Евроатланскиот партнерски сојуз и посебно со промологацијата на механизмите на политика на отворени врати содржани во Декларацијата од Рига.

Полноправното членство на Република Македонија во НАТО е компатибилен и неделив

процес и со процесот на структурната трансформација на севкупната политичко безбедносна рамка за консултации и водење дијалог за политичките и безбедносните прашања меѓу НАТО и државите партнери во рамките на Евроатланскиот партнерски сојуз, како и билатералната соработка на НАТО со индивидуалните држави-партнерки во рамките на Програмата “Партнерство за мир”.

Во регионален контекст нашето полноправно членство е неделив процес од определбата на НАТО за унапредување на регионалната соработка и долготрајната стабилност меѓу Југоисточна Европа и на Балканот. Исто така, полноправното членство на Република Македонија во НАТО е компатибилен и неделив процес и од определбата на Република Македонија како држава партнер кон основните демократски принципи на алијансата, јакнење на стабилноста, намалување на заканите по мирот и безбедноста и градење на зајакнати безбедносни врски меѓу Република Македонија и НАТО.

Пратеничката група на НСДП во понудениот текст на господинот пратеник Ѓорѓи Оровчанец, во Декларацијата ги гледа долгорочните определби на Република Македонија кон заедничките вреднсоти, одржување на меѓународниот мир и стабилност, почитување на обврските преземени со Повелбата на ОН, со Универзалната Декалрација за човекови права, Завршниот документ од Хелсинки и со меѓународните спогодби за разоружување и контрола на вооружувањето, унапредување на членството на транспарентност при планирање на националниот одбранбен систем, потврдување на правото и обврската за водење на консултации во случај на криза.

Почитувани пратеници, членството на Република Македонија во НАРО е реалност, а зошто да не кажеме од оваа говорница и заслужено. Јасната порака од Самитот од Рига и пораката која што ја упати претседателот на САД Џорџ Буш на средбата во Албанија е потврда дека како држава сме доволно созреани и подготвени да се соочиме и со најкомплексните предизвици. Тоа Република Македонија го докажува со присуство на воениот контингент во ИСАФ Мисијата во Авганистан и со присуството на воениот контингент во Мисијата од ЕУ во Босна и Херцеговина. Со оглед дека примарната задача на Мисијата ОФЕА е насочена кон политичко и безбедносно стабилизирање на Босна и Херцеговина, тоа значи дека Република Македонија дава директен придонес во конечното стабилизирање на целиот регион, што е основна претпоставка за негова целосна демократска трансфорамција, просперитет и интеграција во Европа.

Од Самиот во Букурешт, почитувани пратеници, во 2008 година, на која што ја очекуваме поканата, не делат неполни 9 месеци. Ова е време за консензус и политичка акција на сите нивоа, ако сакате и политички дијалог на сите нивоа.

НСДП очекува во интерес на сето ова што го говорев претходно дека конечно во Република Македонија ќе профункционира кохабитацијата меѓу институцијата Претседател на државата и премиер. Недозволиво е во предвечерјето на долго очекуваната покана за полноправно членство на Република Македонија во НАТО, која што беше одработувана од неколку влади, беше одработувана од неколку состави на Собранието, беше одработувана ако сакате и од сите граѓани на Република Македонија, да не можеме да постигнеме консензус да испратиме амбасадори во клучните држави за Република Македонија, а тука ќе ја набројам само Велика Британија.

Одговорноста на овој Парламент и на нас пратениците е со ваква свечена Декалрација да дадеме силна поддршка на Владата на Република Македонија и на Претседателот на државата за напорите кои што ги прават за добивање на полноправно членство на Република Македонија во НАТО. Со тоа ќе го потврдиме и значењето на парламентарната димензија и ќе го поздравиме придонесот на сите пријателски парламенти, а особено на Конгресот на САД.

Почитувани пратеници, пратеничката група на НСДП дава поддршка на Декларацијата за барање на подршка за прием на Република Македонија во НАТО и ќе гласа за усвојување на истата. Благодарам.

**Љубиша Геогиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги пратеници,

Целосно ја подржувам Декларацијата за прием на Република Македонија во НАТО. Му оддавам признание на колегата Оровчанец за предлогот и иницијативата.

Од секогаш сум верувала во силата, важноста и одговорноста на секој поединец во Парламентот, па и во општеството воопшто. Со оваа Декларација тоа се потврдува на најдобар начин. На ваков начин убедена сум јасен е демократскиот капацитет на македонскиот Парламент.

Ова Декларација го зголемува и достоинството во Парламентот и верувам и односот кон Парламентот од страна на граѓаните ќе добие една поинаква димензија. Да се надеваме дека ова ќе биде и еден почеток на поинаква комуникација меѓу сите нас во Парламентот. Оваа Декларација ја гледам и како еден политички договор на сите субјекти во Парламентот за заеднички настап и лобирање за влез на Македонија во НАТО. Ова го правиме на последните скалила кон таа цел и верувам дека го правиме со својата целосна одговорност и посветенсот. На ваков начин сите ќе чувствуваме дека сме дел од таа заедничка борба и дека сите сме придонеле и сме дале зрнце од себе во неа.

Што се донесува до приемот на Република Македонија во НАТО, јас сум длабоко убедена

дека Република Македонија го заслужи тоа. Република Македонија покажа дека е спремна на големи дела кога има голема и силна  волја на граѓаните и кога има свест и политичка волја кај политичките субјекти.

Република Македонија одговори на сите предизвици што се поставија пред неа на овој пат, одговори максимално сериозно, доби извонредно високи оценки за својот придонес во досегашните акции кои НАТО ги презел и сите ние веруваме дека можеме да бидеме горди на нашите учесници во тие акции, а и на членството на Македонија во коалицијата во која што до сега учествува. Сосема сум сигурна дека Македонија ќе ја оправда довербата што ќе и биде  дадена со влезот во НАТО и дека ќе станеме рамноправен дел на едно големо братско семејство на цивилизирани земји и народи и сите заедно на таков начин ќе придонесеме за развој на демократијата во светот.

Целосно уште еднаш подршка на Декларацијата, верувам дека ова е значаен чекор и верувам дека ќе биде крунисан со убав резултат на задоволство на сите нас и на сите граѓани на Македонија. Благодарам.

**Љубиша Геогиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Денес отворивме една седница која најмалку треба да биде рутинска. Предлог декларацијата за подршка на приемот на Република Македонија во НАТО, изразот "барање" како што гледате го изземов од насловот, како тема и потреба претставуваат еден свечен чин. Оддавам признание за иницијативата на колегата Оровчанец, особено за поракит еи за тајмингот по Тирана и пред Охридскиот безбедносен форум. Така му приоѓам јас на ова прашање, така му приоѓаат и пратениците од НСДП, верувам и целата македонска јавност.

Оттаму, како што реков оваа седница не требаше да биде само рутинска ниту по сценариото ниту по сценографијата. Денес требаше овде да се види единството и континуитетот на македоснката посветеност кон евроатланските интеграции.

Македонската проевропска мисла не е ниту од денес ниту од нас започната. Јас Ќе ве потсетам на еден голем преродбенички ум, великиот Прличев, Охриѓанецот кој им советуваше на своите сограѓани да излезат во Европа за да видат "кои се и шчо се". Затоа, почитувани колеги, денес со нас требаше да бидат и првиот и актуелниот претседател на независна самостојна Република Македонија, и претседателот на МАНУ и првиот и актуелниот одбранбен министер, како и министрите за надворешни работи, како и поглаварите на верските заедници и да не набројувам, прашањето на тајминзите на агендите  не е мое да го усогласувам. Значи сите штона еден или друг начин го одразуваат македонскиот или општиот национален консензус за НАТО и ЕУ.

Во врска со ова сакам да упатам еден апел: Почитувајте за да ве почитуваат. Моите Охриѓани ќе кажат: дексај ме за да те дексам. Особено почитувајте ги институциите. Нависитна на нашиот заеднички европат нема битни и  небитни, да не ги поткопуваме туку да ги потпираме институциите. Дозволете ми да цитирам една мисла на еден голем американски ум, човекот врз чии идеи и планови лежат темелите на денешната обновена Европа. Не го казнувајте противникот, туку бидете му парнер, ќе каже Џорџ Маршал. Затоа, суетите на страна кога е во прашање Европа. Европа значи европско однесување, трансфорамција, пред се на нашата свест. Да веруваме во сите носители на функции, во сите што ги претставуваат институциите на системот, да веруваме во сите минситри без разлика дали се наши или ваши, да им ги дадеме сите права, за да им ја бараме целосната одговорност. Да не правиме од нив заменици на нашите заменици.

Во овој дел, почитувани, сакам да ја нагласам одговорноста на мојата партија, на НСДП, во поглед на НАТО процесот. Намерно велам одговорноста и намерно процес. Сакам да нагласам дека не очекуваме никакви ловорики, посебни бенефити. НАТО Ќе се случи поради заслугите и посветеноста и на нашиот минситер Еленоски но и на министрите пред него и пред нас, Манасијевски, Бучковски и останатите.

Реформите во одбраната се репер и за останатите ресори, но тие не почнаа од нас. Упатувамна посветенсота на Милошоски, но и на Илинка Митрева и на оние пред неа.

Ова сакам да го кажам, во овој момент на перманентна кампања односно процес се друго треба да се заборави. Мене, се разбира како и на секој Македонец и граѓанин на Република Македонија, првенствен интерес ни се НАТО и ЕУ. Кој е фокусот на размислувањата и погледите на релевантните личности и центри на политичка моќ?

Кога станува збор за нашите НАТО  аспирации, би се осмелил да кажам дека за нас тоа веќе не е недостижен идеал кој зрее на гранка и никој пат нема да го дофати рака човечка, што би рекол еден поет од кај нашите хрватски пријатели "секогаш е достижно она кон кое што целите", не само како охрабрување за нас тукукако веќе апсолвирано прашање, нашите пријатели повторуваат дека кон нас позитивни се сигналите од сите земји членки на НАТО, дека имаме сериозни индиции за покана за членството до година, дека извонредно се високи оценките за спроведените реформи во одбраната. Нашата земја веќе не се споменува како земја од која потенцирано се бара разрешување на криминалот и корупцијата, што не е случај да кажам со нашиот албански сосед или Албанија. Така што сега за нас, барем од аспект на НАТО, двете главни домашни задачи се владеење на правото и судските реформи.

Сакам од ова место да ја афирмирам подготвеноста за политички дијалог по

прашањето на судските реформи, односно Судскиот совет како еден од битните сегменти. Дури, и воопшто не е битно кој прв почнал, односно кој иницирал, а кој прифатил. Сега е најважно да се псотигне договор и тој да се реализира за добивката да не биде еднопартиска или теснопартиска, туку да биде на државата, сите да добиеме како што добивме од враќањето не на ДУИ туку на политичкиот дијалог овде во Парламентот.

Нашите приајтели, почитувани колеги го повторуваат јасниот сигнал од Рига дека сме посакувани во тоа друштво во НАТО и дека нашата земја не се дели од Јадранската група заедно со Хрватска и Албанија.Не се нагласува посебно, но секако не се заборава нашето учество во Босна, Ирак и особено Авганистан, односно ИСАВ Мисијата, која во перцепцијата на Запад стои дури повисоко на политичката кота отколку Ирак, во Авганистан се брани кредибилитетот на НАТО.

Не треба да се испушти од предвид одлуката на американскиот претседател Буш за нов финансиски пакет, помош за земјите кандидати за НАТО, значи и за Македонија. Се до неговиот престој на Балканот и пораките од Тирана, наредниот ден веќе со колегите од Албанија и Хрватска потпишавме заеднички документ, се построивме од сите партии, позиција и опозиција, до нашето знаме и претседателот на Комсијата за одбрана и заштита господинот Ѓорчев. Тој процес, тоа наше НАТО-овско зреење продолжува со денешната седница и денешната наша Декларација, НАТО Декларација на почитуваниот колега Оровчанец кој го има сиот респект од мене.

Значи, почитувани пријатели, веќе никао не може да стане збор за запирање на процесот. Секако, постои задршката-ако дадете соодветен придонес. Значи Евроатланскиот процес тече и ќе продолжи кон Балканот и Република Македонија. Со САД и ЕУ делиме заеднички вредности, односно многу е добар, цитирам “и ветувачки концептот на ЕУ во поглед на Република Македонија”. На Македонецот секако му е драго кога ќе слушне дека имаме одредени предности, па дури и македонски бренд кога станува збор за македонскиот автентичен производ, промоцијата на мир и превентивна дипломатија. Еве еден германски поглед кон Македонија, презентиран од членот на Бундестагот, пратеникот Ханс Рајтел, релевантен соговорник со 17- годишен парламентарен стаж, уште и претседател на Медитерантскито парламентарен Комитет и член на Парламентарното Собрание на НАТО со кого имав чест неодамна да се сретнам. Господинот Рајтел гледа ветувачка и посветла иднина за Македонија, која според него презема храбри чекори и е на добар пат и во однос на НАТО и во однос на ЕУ. Или како што ќе заклучи, вратите ви се отворени, од вас зависи кога ќе го поминете прагот.

Е па пријатели, да не тропаме повеќе, туку заеднички да ги отвориме и да влеземе на големи врати.

Почитувани коелги, тоа што меѓу нас нема двојба по прашањето на НАТО не значи пак дека го исклучува и прашањето на флексибилноста, однсоно дали проактивен проамериканизам, што би рекол колегата Владо Бучковски или можеби умешност на соочување со двата центри истовремено, нешто што препознавам во комплетниот владин состав, или пак сегментарно кај нашиот германски ученик господинот министер Антонијо Милошоски. Но тоа нека остане на ниво на дебата. Македонија е мала земја, секако ви е познат синдромот на американизмот на малите земји, така што нашето раководство без друго треба да има изострен нерв и пракматичен приод.

Но ако мене ми биде дозволено да систематизирам став, тогаш тоа би било пофлексибилен пристап во однсо на Брисел и Вашингтон, може и со обратен редослед. Колку и да ни изгледаат непремостливи разликите меѓу Вашингтон и Брисел, очигледно е дека на сцена е нов стратешки концепт после 11 септември, ново стратешко европартнерство или како што милуваат европјаните, не натпревар туку делење на одговорноста, ако фокусот за НАТО е одбраната, фокусот за ЕУ е економијата. Сето ова има сериозна врска и во поглед на нашето позиционирање околу косовското прашање. Впечаток е дека Америка и ЕУ имаат ист поглед за Косово. Заедничка е подршката на Ахтисари планот, и Брисел и Вашингтон не гледаат, ниту ќе дозволат дестабилизација на Република Македонија. Крајната одлука во перцепцијата на европјаните мислам дека сеуште докрај не е избрусена, но тоа не значи дека ЕУ не се подготвува за заштита на евентуалниот или можниот очекуван суверенитет на Косово.

Без разлика на модалитетите и додавките. Секако по ова прашање никој не треба да ја опишува и Русија. Ние во Македонија, ќе завршам тука, не треба да го заборавиме регионалниот аспект, односно многу повеќе да поработиме на нашиот регионален идентитет. Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Догани повелете со вашиот говор.

**Бесим Догани:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Јас немам намера долго историски да се навраќам за потребата да се биде во НАТО, бедејќи многу пати е кажано јасно за оваа тема. Секојдневно сме присутни кога се примаат јасни и силни пораки дека во НАТО треба и ќе бидеме дел од НАТО, како од американските партнери, така и од европските партнери.

Во оваа прилика, сакам уште еднаш да ја потврдам одлучноста на ДПА да го искористи целиот свој кадровски и интелектуален потенцијал, своето партиско влијание во насока на НАТО и евроинтеграциите.

Ние како партија често пати сме жртвувале и сме правеле и пропусти кои што не оштетувале како субјект, само да го подобриме имиџот на Албанците, имиџот на Македонија како држава и нејзините граѓани, кои што заслужуваат, сакаат и знаат да бидат дел од НАТО и европските народи.

Во оваа насока, имам задоволство да изразам една вистина, дека во текот на ова патешествие кон евроинтеграциите и во Европската унија, ние успеавме и понатаму успеваме, да имаме успех, да правиме реформи, не само ради реда, не само за усвојување на закони кои што се усогласени со Европската унија, туку во оваа насока сме успеале да се смениме и самите себеси, нашите граѓани, нашето општество, со тоа што се повеќе почнуваме да личиме на едно вистинско европско општество.

Можеби во оваа насока и ние не сме совршени. Имаме уште работа за завршување, имаме отворени прашања, имаме отворени прашања од аспект на меѓуетничките односи, имаме отворени економски прашања. Значи секој ден сме во постојана секојдневна борба за подобрување на економската состојба, сме во секојдневна борба за подобрување на животот на нашите граѓани, за достигање на стандардот и можностите за поголем пристап кон општествените, културолошките ресурси итн.

Во оваа насока, за да не се повторам, сакам да спомнам една поинаква димензија, тоа е парламентарната димензија на Република Македонија, односно Република Македонија има своја делегација во парламентарната димензија на НАТО, односно во Парламентот на НАТО.

Сакам да кажам дека во оваа насока сме биле успешни, претставувајќи ја Република Македонија и нејзините аспирации да биде дел од НАТО и сакам уште еднаш да потврдам дека оваа декларација, која што денес е пред вас не е случајна, туку доаѓа после долги и тешки разговори, посебно со нашите пријатели и партнери во ова членство на НАТО кои што и на седниците на ова Собрание секогаш давале силна подршка. Тука вреди да се спомнат неколку земји, пријатели, освен земјите од Јадранската повелба, Албанија и Хрватска, треба да се спомне и лобирањето и силната подршка на словенечката делегација, на германската делегација, на американската делегација и на англиската. Во нашите успеси кон патешествието кон НАТО, односно позитивните оценки кои што ги добиваме ние во нашиот пат кон НАТО, помагаат работите кои што ги нагласив малку порано, помагаат реформите кои што се прават во овој период, како во Армијата и во другите сегменти, меѓутоа, исто така, голема помош дава и Косово со кое ние сме поетнирале многу, како во минатото, значи во моментите кога ние знаевме многу силно со широкоградост да управуваме со кризата на раселените од Косово за што се вреднуваме високо како држава што сме подготвени и знаеме да бидеме дел од глобалнта сигурност во светот.

Во оваа насока, исто така, голема помош дава и нашата одлучност и нашата подршка, која што ја даваме на планот на Марти Артисари за дефинитивно решавање на статусот на Косово. Значи, Македонија, можам да кажам за прв пат има официјална политика, многу позитивна насочена кон нашиот прв сосед, а тоа е Република Косово со која што имаме и секојдневна билатерална соработка.

Не сакам да должам многу, меѓутоа, на крајот сепак сакам да кажам уште еднаш дека ДПА ќе ги употреби сите свои ресурси, сите свои интелектуални, партиски капацитети, за да помогне колку што може повеќе, да и помогне на Република Македонија, нормално и себеси на овој пат и длабоко сум убеден дека на Самитот во Букурешт, Македонија ќе ја добие поканата, заслужената покана да биде полноправна членка на НАТО. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Буџаку, имате збор.

**Агрон Буџаку:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Во име на парламентарната група и во мое лично име изразувам подршка, силна подршка на интегрирањето на Република Македонија во НАТО. Интеграциите во целост и интерграцијата на Република Македонија во НАТО, посебно е еден од приоритетите на ДУИ уште од основањето со своите активности во Владата, во Парламентот, во институциите, како дел од мнозинството и продолжува и сега. Ние мислиме дека во текот на процесот на трансформација на алијансата од тоа што беше во текот на студената војна и тоа што претставува денес, можеме да се идентификуваме со новата проактивна улога на Северноатланската алијанса и тоа сме го докажувале со нашето учество како Република Македонија во мисиите на НАТО.

Дозволете да изразам задоволство за големата подршка која САД ја даваат на земјите на Јадранската повелба, што повторно се потврди уште еднаш при историската посета на претседателот Буш на Тирана и посебно со изјавите од господинот Буш за јасната американска опција, која што има подршка од НАТО и земјите на Европската унија за стабилноста на Балканот, што значи и со дефинитивното решавање на статусот на Косово како независна држава. Ние сметаме дека во една алијанса за безбедност која што претставува мнозинство на земјите кои се членки на Европската унија исто така и Турција ја има во себе како значителна стратешка држава во ова семејство на овие држави има место и за Македонија затоа што Македонија почна, посебно после потпишувањето на Охридскиот рамковен договор тргна кон патот на потполна демократизација и решавање на проблемите во прв ред на етничките проблеми кои што беа потенцијал за дестабилизација на земјата и ние мислиме дека потполното, целосното имплементирање на Охридскиот договор и

јасните сигнали кои што доаѓаат од нашите партнери и пријатели, дефинитивно ќе ја стабилизираат Македонија и ќе го отворат патот, се надеваме за една покана за наредниот самит кој што ќе се одржи во пролет, 2008 година во Букурешт.

Северноатланската алијанса при трансформирањето на својата улога мислиме дека има и една посебна улога на Балканот затоа што историски земјите на Балканот кои што за разлика од другите европски држави со задоцнување ја стекна својата независност, секогаш или биле инструмент на интересите на поранешните сили, или самите побарале подршка од големите сили на тоа време, кои што сакале да имаат влијание на Балканот. Со интегрирањето на Македонија и на регионот во НАТО доволно е само да се види картата како што е денес на Балканот, во смисла на земји кои што учествуваат во НАТО и кои на некој начин, се интегрирани во процесите било на прартнерство или пак земји кои што ги имаат отворено вратите, ќе видиме дека Македонија сега на Балканот е во едно опкружување како што е на пример, Грција која што е дел од Северноатланскиот сојуз и на Европската унија, од Бугарија која што исто така е членка, од Румунија и Унгарија. Сега за да се комплетира стабилноста и дефинитивната определба на регионот останува, земјите на Јадранската повелба, Македонија, Албанија и Хрватска и во продолжение и другите земји на Западен Балкан кои што веќе го имаат отпочнато процесот, да се интегрираат во НАТО и да придонесат во новата улога што ја има НАТО за соочување со опасностите, така наречените асиметрични опасности или пак со новите загрозувања на глобаланта светска безбедност и ниту една земја не може исклучена или пак поштедена од овие концентрации.

Консензусот и нашата подршка за декларацијата изготвена од почитуваниот колега господинот Оровчанец, нека ни послужи овој консензус во Парламентот за да се достигне и постигне очекуваниот и бараниот консензус од НАТО и Европската унија во достигнувањето на меѓуетничкото разбирање и доверба во достигнувањето на консензусот за потребата од потполно имплементирање на Охридскиот рамковен договор како критериум кој што е прв и најзначаен полтички критериум на Република Македонија. Ние ги подржуваме и постојано ќе ги подржуваме потребните реформи од аспект на силите на безбедност и армијата, од аспект на подготовките на трупите или пак на нашите војници за мисиите во иднина. Ние бараме да не се интерпретираат или толкуваат погрешно сигналите, затоа што доколку Македонија направи една грешка во месеците што следат со неимплементирање на договорот меѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ, претставници на Владата, цената ќе ја платиме сите и наместо да продолжиме на патот на стабилизација и стабилност на Македонија и регионот, нас ќе не покажат со прст како потенцијален фактор за стабилизација. Затоа треба внимателно сите функционери и парламентарците и сите политички актери да ги прочитаат и да ги разберат пораките кои што ни доаѓаат од Брисел, било од Европската унија или пак од седиштетот на НАТО за да се достигне крајот или пак да кажам потполната имплементација на Охридскиот рамковен договор да се достигне практичната реализација тука во Парламентот на консензуалната демократија и на механизмите кои што се предвидени со Охридскиот рамковен договор. Исто така, без да сакам да навлегувам или без да сакаме ние како парламентарна група да интервенираме амандмански, затоа што за оние што знаат да прочитаат и за оние што знаат да толкуваат мислам дека декларацијата на господинот Оровчанец ги има опфатено основните главните елементи што треба Парламентот на Република Македонија да ги подржи, и верувам едногласно и да ги изгласа. Тука мислам, говорам за добрите, добрососедските односи со сите наши соседи, посебно барајќи подршка на оние земји или држави кои што се членки било во Европската унија било во НАТО, членки на едната или пак на другата или на едниот или другиот механизам како што е Труција, или пак членки на Европската унија и НАТО како што се Грција, Бугарија, Словенија, затоа што на сите ни е јасно и оние држави кои што се во Алијансата или во сојузот дека дестабилизацијата на едната држава во регионот може да влијае и врз дестабилизација на регионот. Така што, уште еднаш ќе нагласам, добро да ги прочитаме и да не ги толкуваме погрешно пораките кои што ни доаѓаат од Брисел. Еден сигнал е пратен со предлог извештајот кој што ќе стане резолуција во Европскиот парламент кој што верувам дека парламентарното мнозинство го има затоа што треба да направи Македонија со цел да се зачлени во НАТО и да почне со преговори за интегрирање во Европската унија.

Секое погрешно толкување, секоја популистичка манипулација на овие пораки ќе биде многу штетно на нашиот пат. Уште еднаш, во име на парламентарната група велам дека ја подржуваме декларацијата на господинот Оровчанец. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги,

Социјалистичката партија на Македонија дава силна подршка на декларацијата на почитуваниот колега господинот Оровчанец.

Социјалистичката партија на Македонија во континуитет ја подржува НАТО интеграцијата и со претходните декларации пред се и над се за силно изразената волја на граѓаните на Република Македонија кои во така висок процент го подржуваат влезот на Република Македонија во НАТО Алијансата. Овде беше кажано многу од почитуваните колеги кои ја искажаа подршката. Јас би се задржала само на неколку моменти, а

тоа се, покрај политичкиот момент, ние како Социјалистичка партија сакаме да го потенцираме и ефектот што зачленувањето во НАТО Алијансата, позитивно ќе влијае на економските текови во Република Македонија.

Членувањето во НАТО е гарант за стабилен и безбеден развој на Република Македонија, а тоа е гарант за постабилен и здрав амбиент и на поолитички и на економски план и на поширокото опкружување на Република Македонија.

Република Македонија мора да вложи максимални напори да ги доврши реформите што се пред нас до Самитот во Букурешт, а се со единствена цел да ја оправда довербата што ни е дадена од НАТО членките и нашите пријатели кои така силно се заложуваат Република Македонија да стане дел од НАТО групата. Влезот во НАТО Алијансата ја подразбираме како врачување на клучот за отворање на европските порти за Република Македонија

Оттука, пратениците на Социјалистичката партија на Македонија ја искажуваат поддршката на оваа Декларација. Со тоа, на дело ќе го покажеме консензусот кој владее во Република Македонија по ова прашање, а пред се заради почитување на волјата на граѓаните на Република Македонија.

Не сакајќи да одземам време на останатите колеги, силно ја поддржуваме оваа декларација и ќе гласаме за неа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, мислам дека декларацијата што ја предлага господин Ѓорѓи Оровчанец е сублимат на работата на повеќе влади и повеќе собранија. Без лажна скромност ќе си го земам правото да кажам дека јас сум една од пратениците која исклучително многу често зборувала за значајниот момент во кој се наоѓа нашата држава и колку, всушност е значаен приемот на Република Македонија во НАТО.

НАТО не претставува само армиска, вооружена или војничка организација и тоа некој денес го спомна. НАТО е организација за ширење на демократија и просперитет и, токму тоа јас сум го потенцирала како нешто околу кое сите политички субјекти во оваа држава треба да постигнат консензус или да се одлучат за стратешки определби на државата, оние моменти каде што ние, навистина, треба да ги надминеме разликите, нашите демократски разлики во мислењата и да изградиме заеднички ставови.

Откако во овој мандат, со оваа Влада го надминавме успешно проблемот со дијалогот, за што јас искрено им честитам на двете ангажирани страни во тој дијалог, сметам дека истиот ќе треба да продолжи и понатаму помеѓу политичките партии за други суштествени прашања, како што се на пример судските реформи. Откако ќе ги надминеме судските реформи, веројатно ќе дојдат повторно други суштествени прашања за оваа земја што исто така ќе треба да ги решиме и на тој начин, всушност, ќе го покажуваме нашиот демократски капацитет, затоа што нашата волја за учество во НАТО мисиите, глобалната борба против тероризмот и ширење на демократијата во светот, сме ги покажале со нашето присуство во Ирак, Авганистан и Босна и Херцеговина.

Во таа насока би ве потсетила, накратко, на нешто што веќе 100 години трае и што треба да биде точка на наше водење не само кон учество во НАТО, туку и во интеграцијата, односно реинтеграцијата, како што јас обично сакам да кажам во Европската унија. А тоа е она што е кажано пред 100 години и што звучи отприлика вака: Што направивме и што уште треба да направиме за однапред за Македонија навистина да го добие своето место таму каде што припаѓа и во НАТО и во Европската унија.

Искрено се надевам всушност сум длабоко убедена и знам дека ние оваа декларација, што навистина е дојдена во прав момент, едногласно ќе ја прифатиме, но тоа е декларација. Она што треба да се сработи во иднина, Обвинителството, Судскиот совет и бројни други нешта што само ќе го потврдат нашиот државнички капацитет, како на Собранието, така и на извршната и на правосудната власт, сметам дека ќе биде повторен доказ за она дека нам примот во НАТО и приемот во Европската унија навистина ни припаѓа.

Еден од  моите колеги пратеници кажа дека Македонија го заслужува тоа со она што досега го направила. Јас, апсолутно се согласувам. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодрам и јас.

Госпоѓо Лалчевска, повелете имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе.

Колеги пратеници,

За мене оваа седница има по малку свечен карактер, бидејќи одамна Македонија, како своја стратешка цел, се определила да се интегрира во НАТО и во Европската унија. Ова е трет наврат кога Парламентот разгледува Одлука, Декларација, па сега повторно декларација, покажувајќи силна политичка волја за она што како стратешка цел 1993 година, со Одлука, Парламентот се изјаснил. 2004 година повторно со Декларација за подигање на нивото на нашето интегрирање кон НАТО изразил јасна, пред се, политичка волја.

По однос на интегрирањето во НАТО, континуирана политика на Либералната партија е токму интегрирање во НАТО и ЕУ структурите. Тука нема дилема, нема скепса. Сите политички партии и Либералната партија вклучително даваме поддршка на она што е наша стратешка цел.

Тука би му се заблагодарила на колегата Оровчанец, кој до Парламентот поднесе една ваква декларација, а временски ја димензионира во еден исклучително важен момент, а тоа е

Самитот во Букурешт. Наскоро ќе се случи еден значаен настан за Републиката во Охрид, за неколку дена. Значи, многу прецизно колега Оровчанец, затоа ви благодарам, ја темпиравте оваа декларација да Парламентот повторно ја искаже својата политичка волја, односно сите политички субјекти во Парламентот искажат цврста политичка волја за она што се определиле како нивна стратешка цел.

Немам сомнеж дека сите пратеници во Парламентот, сите политички субјекти ќе дадат поддршка на декларацијата. Со тоа, ќе го изразат високиот степен на поддршка за овој наш процес.

Би сакала да кажам што после Декларацијата? Денеска ќе ја изгласаме декларацијата, ќе дадеме политичка волја, ќе ја исполниме таа парламентарна димензија. Меѓутоа, колеги пратеници, таа парламентарна димензија ќе остане празна доколку не поработиме да се оспособиме за да си ги завршиме, односно да се екипираме да си ги завршиме обврските што произлегуваат од оваа декларација, што произлегува од она за што сме се определиле, дека ќе ги завршиме сите реформи, да се интегрираме во овие структури.

Многу поважно ќе биде, всушност ќе биде клучно да после донесувањето на оваа декларација, по сите теми, по сите точки што се важно во овој процес, постигнеме ваков висок степен на консензус, како што верувам денеска, убедена сум дека ќе постигнеме, со изгласување на декларацијата.

Тогаш, кога ќе постигнеме таков степен на усогласеност по клучните точки што се значајни во процесот на интегрирање на државата, тогаш ќе ја реализираме оваа наша декларација, односно ќе ја реализираме во пракса и нашата политичка волја што денес ќе ја изразиме.

Затоа повикувам, во ваква атмосфера, со ваква согласност да работиме на сите оние теми, дијалог реформи во судство, реформи во други сегменти, значи завршување на сите овие реформи со ваков висок степен на консензус во парламентот. Тогаш ќе ја исполниме нашата парламентарна димензија во процесот на интегрирање на државата во НАТО и во Европската унија.

И на крајот, би сакала да им се заблагодарам на сите оние држави кои ја поддржуваа Македонија во овој процес, а особено благодарам на САД за континуираната поддршка на Република Македонија по патот за интегрирање во НАТО, со назначена благодарност на претседателот Буш за поддршката што ни ја дава на др жавата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Мојата дискусија би била на линија на тоа што беше досега кажано. Добро е што во ова Собрание, во законодавниот дом помеѓу политичките субјекти и во јавноста ја имаме сета оная согласност што можеме да ја констатираме, што можеме да ја видиме и која што, на крајот на краиштата, се одразува со 90% поддршка на македонските граѓани на нашето НАТО членство.

Тоа е добар индикатор. Тоа е заслуга на сите политички субјекти. Тоа е заслуга на повеќе политички гарнитури. На крајот на краиштата тоа е заслуга и на другите компоненти или учесници во македонското демократско општество, почнувајќи од универзитетите, синдикатите, невладините организации, организациите на старешини,офицери итн, итн. На крајот на краиштата тука е и свеста на медиумите, но и на самите луѓе кои се во медиумите, затоа што тие истовреме го одразуваат мислењето што го имаме во нашето општество, но исто така и го креираат.

Само би сакал да опфатам дополнителен аспект, а тоа е, ако веќе одиме кон НАТО, ако веќе сакаме да имаме поведение кон НАТО, тоа значи да имаме и пракса како во НАТО земји. Токму затоа не треба да имаме онакви дискусии какви што имавме, на пример вчера, во врска со почитување или непочитување на некој министер кој треба денеска да го има својот прв работен ден. Токму затоа не треба да имаме ситуација каде што ќе имама создавање или пак некои преседани кои ќе бидат директно во спротивност со НАТО интегрирањето во нашата земја. Зошто?

Затоа што, ако некој ја доведува во опасност НАТО интеграцијата во Македонија тогаш тоа значи спротивставување на волјата на 90% од нашите граѓани. Незамисливо е во НАТО земја или земја кандидат што треба да биде членка на НАТО, да имаме ситуација што некој политички субјект или некои градоначалници, ан блок ќе речат, дека, пример, не се согласуват и едноставно не сакаат воопшто да соработуваат со министерот за локална самоурпава. Тоа не е НАТО поведени, туку напротив тоа е поведение што едноставно оди во спротивност со желбите од 90% од македонските граѓани. Затоа би апелирал во наредните месеци да имаме такво демократско практицирање што ќе оди во прилог и во функција на НАТО интегрирањето на нашата земја.

На крајот на краиштата ако имаме НАТО членство на нашата земја, тоа значи дека ќе имаме и поголем број на инвестиции. А поголем број на инвестиции во Македонија ќе значи автоматски намалување на невработеноста и почнувањето на решавањето на главните проблеми кои што ги имаме во нашата држава. Затоа што тогаш на било кој инвеститор нема да треба да му објаснуваме дека нашата земја е стабилна, дека имаме владеење на правото, дека имаме поволни услови, туку едноставно инвеститорите ќе видат дека оваа држава едноставно ќе ја биде, дека се работи за сериозна држава, дека се работи за држава која што исполнува поголем број на услови кои што едноставно се услов за тие да пристапат и ќе имаме печатирање и уверување на нашата државност.

Значи уште еднаш би рекол дека иднината на младите луѓе и нивните вработувања од Арачиново, од Илинден, од Гази Баба, од Чаир, од Аеродром или од Центар лежи помеѓу другото и во слободната економска зона Бунарџик. За таа слободна економска зона Бунарџик има не една, не две, не три, туку 15 фабрики и погони, треба да имаме НАТО членство. А НАТО членство ќе имаме ако имаме одговорно однесување и од позицијата и од опозицијата. Затоа што во ваков сензитивен период да се наштети на тој процес е релативно лесно.

Јас особено би ги замолил претставниците на оние политички субјекти и партии кои што комуницираат со нас во овој период да покажат сенс за долгорочните интереси на оваа држава, но исто така и на граѓаните. Уште еднаш ќе повторам значи доколку имаме НАТО членство ќе имаме повеќе инвестиции во Македонија. Повеќе инвестиции ќе значи и повеќе отворање на нови работни места во слободната економска зона Бунарџик на тој начин ќе ги решаваме главните животни проблеми и животни предизвици на младите од Арачиново, од Илинден, од Липково, од Гази Баба, од Аеродром, од Карпош или од било кој дел на нашата држава независно дали станува збор за Штип или за Тетово, дали станува збор за Дебар или за Берово, дали станува збор за Гевгелија, за Струга или за било кое место во Македонија.

Што по НАТО. Македонија ќе биде членка на НАТО порано или подоцна. Подобро е да направиме таа да биде порано членка. Ќе треба да одиме кон тоа што се нарекува одговорна НАТО членка. Одговорната НАТО членка ќе треба да се однесува онака како што сега се однесува земјата кандидат за НАТО, а тоа е да имаме широка поддршка на операциите. Затоа што ако градиме НАТО војска таа НАТО војска ќе треба да ја имаме и во касарните во Република Македонија, но исто така ќе треба да ја имаме и онаму каде што се спроведуваат операциите за стабилизирање на општеството кои што сега се фрагилни.

Кои се тие фрагилни општества. На пример, може тоа да биде Авганистан. Која е врската што Македонија ја има со Авганистан. Апсолутно тоа е НАТО членството за кое ние се залагаме, тоа е онаа чета што ја имаме таму. Прво беше чета и вод, сега е засилена чета. Повремено, 6 месеци ротација од нашата бригада од Кичево, па после тоа од нашата бригада од Штип. Млади луѓе, 120 на број, понекогаш 118, заедно со медицинскиот тим кои учествуваат во нашата мисија во Кабул и Авганистан.

Но, оваа мисија е исто така важна и за самите нас, затоа што сега ќе го парафразирам доскорешниот британски или пак британски премиер на заминување кој вели дека помалку екстремизам во Кандахар или во Џалал Лабад значи помалку екстремизам во Лондон, Бирминген или во Саутпентон. Мислам дека истата аналогија можеме да ја повлечеме и со Македонија. Тоа е помалку екстремизам во Кандахар и во Џалал Лабад значи помалку екстремизам во било кој дел од светот, во било кој дел од Европа, во било кој дел од Македонија.

Затоа, треба да имаме придонес во нашите НАТО мисии. Јас ќе спомнам само една работа, а тоа е дека, на пример, во Авганистан пред 6 години имаше вкупно 2000 училишта. 2000 училишта во земја која има 27-30 милиони жители, затоа што оценките флуктуираат. 2000 училишта. Сега, после само 6 години во Авганистан имаме повеќе од 10 илјади училишта. Пред 6 години училиштата биле само верски, не се изучувала само хемија, не се изучувала математиката, не се изучувала физиката, не се изучувале природните науки. Туку, напротив имало само еден или два предмети и тие предмети биле поврзани со верското образование.

Исто така, во тие училишта настава можеле да посетуваат само машките ученици, а сега, после 6 години, после меѓународно учество таму имаме ситуација со 10 илјади училишта, училишта отворени и за машките и за женските ученици и ситуација каде се изучуваат сите овие вештини, вклучувајќи ги и природните науки.

Помеѓу другото и тоа е НАТО, тоа е стабилноста што се носи и мене ми е мило што Република Македонија учествува таму. Ризикот е голем. Ризикот, апсолутно постои. Имаме ситуација во која што може да дочекаме и најлоша вест. Јас тука не можам а да не им оддадам признание на нашите војници кои се таму, но исто така и на нивните семејства, затоа што секоја една мајка, во секоја куќа, додека нејзиниот син е во Авганистан, секогаш кога ќе зазвони некој ненајавен на врата, во една мили секунда помислува на најлошото. Помислува дека можеби зазвонил на вратата некој кој ќе донесе и најлоша вест.

Тие 6 месеци се нависитна стресни за нив, но навистина можам да ви кажам дека нашите војници таму покажуваат врвен професионализам, врвен патриотизам и компетентност за која што добиваат највисоки оценки од нивните колеги од најсилните и најобучените армии во светот. Тоа се операциите кои што ги имаме во моментот и во Босна и Херцеговина и во Ирак и во Авганистан, а сега наскоро ќе имаме и двајца офицери за врска во Либан.

Тоа би била дискусијата која што ја имам.

Би сакал исто така да кажам дека Македонија исто така ги исполнува и своите услови за одвојување за одбраната. Ние за одбраната издвојуваме 2,3% од нашиот Буџет, тоа е повеќе и од некои НАТО земји-членки. Исто така, за операции издвојуваме дополнителни средства, така што нашиот случај, нашата презентација, нашиот пример мислам дека е доволен за наше членство. Останува сите политички субјекти да покажат врвна одговорност во наредните неколку месеци,оние кои што ги донесуваат одлуките и верувајте ми, за година, две, три, ќе живееме во подобра држава во коај што ќе имаме повеќе

инвестиции и отворање на повеќе работни места. Тоа е поврзано со НАТО членството и мислам дека сме на добар пат.

Затоа, ќе ја поддржам оваа Декларација, добро е срочена, добро е составена, да ја изгласаме, а понатаму во наредните месеци и години да го имаме и НАТО поведението кое што едноставно трајно ќе ја стабилизира нашата држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Неждет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми на оваа свечена седница со свечен карактер и свечени пораки да учествувам во името на Обединетата партија за еманципација на Ромите во Република Македонија и да ја поздравам оваа плодотворна Декалрација на почитуваниот коелга Оровчанец, кој успеа да покаже и пред меѓународната заедница и пред многу други организации и иснтитуции дека политичките партии во Република Македонија имаат храброст да се надминат и во однос на интересите на Република Македонија да имаат консолидирани државнички сигнали.

Во однос на пораката од оваа Декалрација до европското семејство и НАТО сметам дека сите сигнали кои што се праќаат до Република Македонија дополнително ќе не охрабрат и дополнително така консолидирани од оваа позиција уште похрабро ќе ги реализираме нашите поставени задачи како домашни обврски и домашни задачи.

Значи Предлог декларацијата за барање на поддршка за прием на Република Македонија во НАТО, особено би сакал во тој контекст да го поздравам несебичниот придонес на Конгресот на САД во однос на приемот на Република Македонија и другите земји членки на Јадранската повелба во НАТО. Очекувам дека после оваа Декаларација дека нашите обврски и задачи доста сериозно и успешно ќе ги завршиме се во интерес на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Мислам на почеток сакав да изразам благодарност до предлагачот, почитуваниот колега Ѓорѓи Оровчанец кој ни овозможи денес да имаме една малку поинаква седница со поинакви дискусии од она што многу често го практикуваме во Парламентот, но токму тоа говори дека почитуваниот колега во вистински момент ја приложил оваа Декларација не само со настаните кои што се поврзани со НАТО интеграциите, што се случуваат во регионот, вклучително и Македонија, туку и со сето она што треба да го направи Македонија на патот кон НАТО интеграциите.

Почитувани колеги пратеници оваа Декларација јасно ги одразува долгорочните заложби на Република Македонија и нејзината определба за НАТО интеграциите. Во ниту еден момент сите знаеме дека граѓаните на Република Македонија не ја доведоа до прашање јасно изразената волја на најголем број на граѓани за што поскоро и побрзо зачленување на нашата земја во НАТО алијансата. Впрочем, почитувани колеги пратеници, и денешната дебата покажа, со тоа што подршката која што ја дадоа сите политички партии во Парламентот, дека кога се во прашање државните интереси, сите имаме можност да ги надминеме и да се издигнеме над партиските, секако, демократски разлики и различности кои што ги имаме и сите да дадеме поддршка на нешто што претставува приоритет на нашата земја.

Исто така, почитувани колеги, оваа седница укажа на тоа дека Собранието на Република Македонија е подготвеново рамките на парламентарната димензија активно да се вклучи во застапувањето на интересите, афирмацијата на достигнувањата, како и силно да лобираат за забрзување на процесот на приклучување на Република Македонија во НАТО и Европската унија.

Почитувани колеги пратеници, не е доволно само Собранието да го прави тоа, сите ќе се согласиме дека е неопходна безрезервна соработка на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија и останатите институции во државата, ако сакаме што е можно поскоро да ја реализираме јасно поставената цел.

Почитувани колеги пратеници, сега кога сме на чекор до толку долго очекуваната и многу посакуваната покана од сите граѓани на Република Македонија за НАТО, не смееме не само заради нас, туку пред се заради нашите деца и генерациите кои што следат да направиме ниту еден погрешен чекор кој што само би ја вратил Република Македонија назад, не смееме она што веќе го сметаме за завршена работа, а тука сите во најголем број се согласивме дека НАТО интеграцијата за Република Македонија скоро е завршена работа, значи ниту еден погрешен чекор што би го расипал целокупниот впечаток што го остава Република Македонија и да ја оддалечи земјата од процесот на интеграцијата.

ЛДП, почитувани колеги пратеници, со целокупното досегашно залагање јасно ја нагласуваше својата определба за НАТО интеграциите и во таа насока апсолутно даваме целосна подршка на оваа Декларација.

И сосема на краот почитувани колеги пратеници, сметам дека сите ние и понатаму ќе дадеме придонес со нашата работа, со нашето залагање, затоа што треба да иамме на ум дека Република Македонија со сето она што го направи и го постигна во изминатиот период јасно докажа дека заслужува да биде дел од НАТО интеграциите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Општа е коснтатацијата дека Република Македонија заедно со уште другите две членки на Јадранската повелба никогаш не била поблиску до својата стратегиска цел, вклучувањето во НАТО алијансата, од колку што е сега во овој момент и би било навистина трагично да се прокоцка оваа шанса. Токму од тие причини, во името на Демократската партија на Турците во Македонија и од мое лично име, ја поздравувам оваа иницијатива на господинот Оровчанец, која што нависитна доаѓа во вистинскиот момент. Тајмингот не можеше да биде подобар од овој. Она што го предлага е сублимат на се она што Република Македонија го правела од осамостојувањето до денес на патот кон членство во НАТО алијансата и дефинитивно се надевам дека на Самиот во Букурешт ќе добиеме покана за полноправно членство во НАТО алијансата.

Она што дополнително ми даде повод да земам учество во оваа расправа е што го делам задоволството што сум припадник на една етничка заедница чија матична држава е еден од најревносните подржувачи на Република Македонија на патот кон членство во НАТО алијансата, не само преку лобирање на сите разини, туку и преку директно помагање на армиските и полициските структури на Република Македонија, нивна обука по НАТО стандарди и посебно го делам задоволството што е единствена членка на НАТО алијансата која покрај привременото име ФИРОМ го користи, има дополнителна фуснота дека го користи уставното име на Република Македонија со реченицата дека Република Турција ја има признаено Република Македонија под уставното име.

Што би добиле со полноправното членство во НАТО алијансата, на сите ни е познато, меѓутоа, јас би сакал да нотирам само неколку моменти.

1.Гарантирање на територијалниот интегритет на земјите членки на НАТО алијансата, што е особено важно кога е во прашање Република Македонија познавајки ги и имајки ги предвид историските антагонизми на овие простори и последиците што Република Македонија најнепосредно ги чувствува.

2.Веројатно соовој чин дефинитивно ќе се закопаат мерило-идеите на овие простори, кои доведоа до невидени злосторства на овие простори по Втората светска војна наваму.

3.Би се обезбедил безбедносен систем во регионот кој ќе ги сведе на минимум кризните ситуации и до колку тие се појават, многу полесно би се менаџирале.

4.Она што е особено важно за Република Македонија е што ќе се воведат демократски стандарди и функционирање на правото и правната држава во ситинска смисла на зборот, во која подеднакво добро ќе се чувствуваат сите, независно од нивната национална, верска, полова, расна или било која друга припадност.

5.Она што е многу е што ќе се стабилизира нашето учество во глобалната борба против светскиот тероризам, во која имаме и до сега свој придонес особено преку нашите контингенти во Ирак, Авганистан и Босна и Херцеговина и од земја која што имаше потреба од мировни сили, сега веќе сме земја која што дава свој придонес во одржувањето на мирот на овие простори што пред малку ги спомнав.

Меѓутоа,на крај би рекол дека ова не е единствена Декларација. До сега сме имале декалрации со кои сме ја искажале нашата политичка волја за полноправно членство во НАТО алијансата. Треба да ги истрчаме последните метри во оваа маратонска трка наречена НАТО и јас би рекол најризичните метри, со оглед на фактот што ни престојат одредени реформи во судскито систем, ни престои заокружување на одрдбите кои се преточија и во уставни решенија од Рамковниот договор во Охрид и се разбира почитување на малцинските права, што во овој момент е еден од приоритетите во Република Македонија. До колку смогнеме сили да постигнеме максимална согласност на тој план, независно на која политичка партија припаѓаме, независно од тоа дали сме на власт или во опозиција, мислам дека наредната година ќе бидеме поканети за полноправно членство во НАТО алијансата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Само сакам да го искажам приклучувањето на мојата партија Сојуз на Ромите кон Предлогот на Декларација за барање на подршка за прием на Република Македонија во НАТО и задоволството од составување една Декларација која ќе ја подржи исто така состојбата односно приемот на нашата Република во НАТО идната година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Марјан Додовски, повелте.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, денес нависитан е посебен ден, свечен чин за Собранието на Република Македонија. Знаеме дека во изминатиот период овој парламентарен состав донесе многу одлуки кои беа во насока на подршка на сите активности на Република Македонија за зачленување во НАТО алијансата, верувам дека оваа предложена Декларација од колегата Ѓорѓи Оровчанец навистина е во вистински момент и добро е што Декларацијата излегува како предлог од наш член на парламентарната гурпа за соработка со НАТО алијансата и верувам дека консензуалната одлука на Макеоднското Собрание ќе биде само во

насока на она што е општа перцепција за македонската јавност.

Би истакнал дека ВМРО-Народна партија дава целосна подршкана активнсотите на Република Македонија во зачленвуање во НАТО алијансата и целосна пдоршка на Декларацијата поднесена од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

И јас сакам да ја искажам мојата подршка, значи Демократскиот сојуз дава целосна подршка на Декларацијата за подршка на Република Македонија за влез во НАТО. Сите анализи, сите проценки и она што го следиме овде во Парламентот и на Комисијата за одбрана и безбедност,па и пошироко, зборуваат и проценуваме дека Република Македонија практично ги заврши сите реформи за влез во НАТО и дека треба сите заедно, сите политички партии, но мислам дека голема одговорност носат и сите граѓани во целина и дека оваа задача што е мошне важна, исклучително важна за Република Македонија ќе ја завршиме успешно и на крај ќе резултира со покана на Република Македонија за членство во НАТО.

На крајот сакам да искажам дека Демократскиот сојуз дава целосна подршка на Декларацијата, подготвена од пратеникот Оровчанец. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине претседател.

И јас ја подржувам Декларацијата од името на ПДП, исто така ја подржуваме Декларацијата предложена од колегата Ѓорѓи Оровчанец дека императив на Македонија е и во минатите години и до сега да се изрази позитивна соработка со Северноатланската алијанса, ќе се започне соработката и сигурно Република Македонија од сето ова ќе добие, на крајот на краиштата, ќе речам во името на партијата ПДП ја подржуваме оваа Декларација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги поканувам пратениците што не се влезени во салата да влезат во салата зошто ќе пристапиме на гласање.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои не влегле во салата да влезат, затоа што ќе преминеме на гласање по Декларацијата.

Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По појавувањето на резултатот од гласањето, во салата имаше аплауз).

Гласале 90 пратеници, сите 90 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието едногласно ја донесе Декларацијата за барање на подршка за прием на Република Македонија во НАТО.

Ви честитам на сите.

(Аплауз)

Сега после десет минутна пауза која ќе послужи за пререгистрација, ќе продлжиме со 49-та седница.

Констатирам дека го исцрпивме дневниот ред на седницата и со тоа седницата е завршена.

(Седницата заврши во 13,22 часот).